Република Северна **МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВИНИЦА**
ул. Бел Камен бр.13 - Виница 2310
Тел. 033 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

**REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**
**MUNICIPALITY VINICA**
Str. Bel Kamen br.13 - Vinica 2310
Phone. +389 (0) 33 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

Врз основа на член 27 став 5 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РСМ" бр. 32/20 год.) Градоначалникот на општина Виница, објавува

ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
11-94/9
10 10 2022 год
ВИНИЦА

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се организира Јавна презентација и Јавна анкета на Нацрт- **Детален урбанистички план Блок 15 дел 3, Општина Виница**.

Според определбите во постојниот ГУП, планскиот опфат кој е предмет на изработка на овој Детален урбанистички план е Блок 15 и тоа дел 3, во град Виница. Со предметниот ДУП и веќе изработениот ДУП за Блок 15 дел 1 и 4, како и дел 2, најголемиот дел од Блок 15 ќе биде опфатен со урбанистички планови. Подрачјето на планскиот опфат се наоѓа во југоисточниот крај од градот, на ридест терен, во зона на станбени куќи. Во негова непосредна близина, од спротивната страна на ул. Крушевска Република се наоѓа индустриска зона.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 19685,73м2 (1,97ха).

Просторот опфатен со овој Детален урбанистички план е во рамките на градежниот опфат на град Виница. Од страна на СО Виница, во 2015 година усвоено е Изменување и дополнување на ГУП за град Виница, плански период 2012-2022 со Одлука бр. 09-286 од 13.03.2015, со кој се создадоа услови за изработка на Детални урбанистички планови. Генералниот урбанистички план ги дава основните смерници за планирање на просторот во предметниот плански опфат кој според ГУП претставува дел 3 од Блок 15. Во важечкиот ГУП за град Виница, предметниот плански опфат го опфаќа дел 3 од Блок 15. Во овој ГУП за блокот 15 се предвидени следниве класи на намени:

• А - домување

♣ А1 - семејно домување во станбени куќи

• Е2 - комунална супраструктура А во рамките на делот од блокот кој се разработува, со ГУП е предвидена само намената А1 Ђ семејно домување во станбени куќи.

Нацрт –планот ќе биде изложен на:

- Излогот на Интернет клуб на Општина Виница, ул.Маршал Тито бр.13 и Огласната табла пред Општина Виница – Бел Камен бр.13 Виница.
- Времето на излагање на планот ќе трае 30 дена со почеток од 10.10.2022 год. до 10.11.2022 год..Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица своите забелешки, предлози и мислења можат да ги донесат на посебни анкетни листови (можат да добијат во Општински центар за услуги при општина Виница) и во елелтронска форма преку информацискиот систем е- урбанизам.За повеќе информации сите лица можат да се обратат во Одделението за урбанизам во просториите на Општина Виница.

Република Северна МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен бр.13 - Виница 2310
Тел. 033 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
Str. Bel Kamen br.13 - Vinica 2310
Phone. +389 (0) 33 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

Јавната презентација на Предлог планот ќе се одржи на ден 14.10.2022 год. со почеток во 12:30 часот во Салата за состаноци на четврти кат во зградата на Општина Виница.

ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Миле Петков

---------------------